ТЕАТАРСКА ГЕРИЛА

# „ПРЕТСЕДАТЕЛКИ" ЈА ОСВОИЈА „МАЛА СТАНИЦА"

„Овој чин е наш отпор кон поставување на какви било синџири, граници и катинари кога е во прашање еден уметнички чин", вели режисерот Џолева

ЅВОНКО МИШЕВСКИ

„Мала станица" и понатаму останува во фокусот на интересирањето на културната јавност. Околу намената (и сопственишто) на "Мала станица" има(ше) "недоразбирање" помеѓу група културни работници предводени од режисерот Слободан Унковски и Министерството за култура, за што опширно пишуваме на нашите страници.

Во саботата навечер, со почеток во 22.00 часот, во една од просториите на овој објект (од неговата задна страна) премиерно беше изведена претствата "Претседателки" по текст на австриецот Вернер Шваб, самостоен проект на режисерот Виолета Џолева и актерките: Сабина Ајрула, Мајда Тушар и Снежана Стамеска. Публиката составена од новинари, актери, режисери, театарски работници и љубители на театарската уметност, вкупно околу стотина, во импровизираниот "театарски салон" на светлина од свеќи ја проследија првичната изведба на оваа претстава.

Контроверзноста на овој уметнички чин се состои во тоа што организаторите, автори и изведувачи, направија упад во една од просториите на "Мала станица". Видно беше присуството на полицијата пред, за време и по одржувањето на претставата (тројца униформирани службени лица присуствуваа и на самата нејзина изведба). По завршувањето на претставата екипа од секторот за крим - техника на скопската полиција направи увид на местото на настанот. Ви ја пренесуваме изјавата на режисерот Џолева која говори за мотивите кои што оваа неформална театарска група ги натера на ваков чекор:

"Половина година правевме обид да најдеме театарски простор на кој што му припаѓа секое театарско дело, па и оваа наша претстава. Во Драмскиот театар бевме одбиени иако беше логично таму прво да го понудиме проектот. Првото образложение од директорот (Сенко Велинов) беше дека додека е тој директор, едноставно не сака да соработува со мене како режисер. Потоа, од кога присуствуваше на една проба (во гримиорните на Драмски театар), рече дека не му се допаѓа ниту текстот, ниту претставата и мисли дека тоа е текст кој што не е интересен за македонската публика (морам да потсетам дека овој текст во Љубљана е хит претстава веќе две сезони, а една година во Сараево).




Затоа почнавме потрага по алтернативен простор што со својата атмосфера ќе ни помогне во разработување на проблемот што го третира овој проект, а тоа е една остра критика на двојниот морал, на злоупотребата на религијата, на сивилото на секојдневието во кое е втурнат обичниот човек. Така се појави идеата тоа да биде "Мала станица". Водени од носталгијата за нашата идеа од пред десетина година "Мала станица" да се претвори во еден интересен културен центар ние, четирите авторки на овој проект, решивме дека не е лошо во овој момент да се обидеме во една од просториите на "Мала станица" да ја одиграме претставата."

Режисерката Џолева вели дека немале контакти со Министерството за култура под чии ингеренции е "Мала станица".

Според неа: "Решивме да го искористиме моментот додека не се реши спорот околу "Мала станица", уште повеќе што овој чин фактички е наш отпор кон поставување на било какви синџири, граници и катинари кога е во прашање еден уметнички чин, бидејќи уметноста дава отпор секогаш кога со неа се манипулира. Ние не сакавме да бидеме манипулирани. Ценевме дека моментот ни дозволува да го изразиме нашиот отпор, да го скршиме катинарот кој што ја врзува "Мала станица", да ја отвориме, да почне да функционира, а чија ќе биде и каква ќе биде, со тоа нека се занимаваат некои други луѓе.

Дојдовме со клешта, ланецот многу лесно се скрши, влеговме, го исчистивме малку просторот... Иако просторот не нуди основни услови и за публиката и за актерите, мислам дека во моментов тоа не беше битно. Битно беше да се случи овој наш заеднички проект на овој начин за да покажеме дека уметноста бара време и простор за себе, бара слобода. Сите ние, уметници, културни работници, интелектуалци во оваа држава во моментов се чувствуваме како да сме во некакви катинари и дека тие дефинитивно треба да се отворат, не само како зграда, туку како простор. Треба да имаме многу повеќе можности за комуникација со другите луѓе од нашата бранша заради споредување, заради конкуренција, заради навлегување на некој нов ветар овде. Сето ова е направено во оптимистичка смисла. Во првиот момент кога влеговме овде дојдоа неколку претставници на Министерството за одбрана. Им било јавено дека е обиена "Мала станица". Луѓето беа многу коректни. Им објаснивме дека дојодвме да направиме само една претстава, а потоа ќе си заминеме. Потоа дојде полицијата.

Ние никого не информиравме. Мислиме дека "Мала станица" е простор за културна содржина и дека нема пречка таа да се создаде тука. Не чувствуваме дека сме направиле кривично дело. Тоа е наш простор. Дали "Мала станица" утре ќе биде на Министерството за култура или на групата што ја предводи господинот Унковски, мислам дека место на секоја добра претстава ќе биде тука. Јас ги дадов (на полицијата) сите генералии од кога влеговме овде. Тие беа многу љубезни, им предложивме да ја гледаат претставата, што се случи. Ние им гарантиравме дека просторот ќе го оставиме онака како што го најдовме. Би сакала и следната претстава да се одигра тука, а исто така би сакала ова да не биде единствен културен настан кој што ќе се случува понатаму."



Дел од ентериерот на „Мала станица"

## Унковски: Храбар и радикален чекор на група културни работници

По завршувањето на претставата побаравме изјава од режисерот Слободан Унковски, еден од инволвираните во случајот "Мала станица":

"Одигрување на претставата "Претседателки" во една од салите на "Мала станица" покажува дека на Скопје му е потребен алтернативен театарски и културен простор. Граѓаните, а тука мислам и на учесниците на претставата и на публиката, покажаа дека таа зграда, проектот "Мала станица", се доживува како простор за реализирање на локалните културни потреби. Чинот на враќањето на Театарот во одземената зграда го доживувам како храбар и радикален чин на група културни работници, како јасна артикулација на потребата да се слушне нивниот глас во креирањето на културната политика."

ПРОМОВИРАН ФИЛМОТ „ПРЕСПА ПАРК" НА КОЧО НЕДКОВ

# „Преспа - парк" како модел за соработка меѓу Македонија, Албанија и Грција

Доајенот на македонската документаристика, режисерот и сценаристот Кочо Недков, на 17 мај во хотелот "Александар Палас", го промовираше својот најнов научно-документарен филм "Преспа - парк". Филмот е инспириран од Декларацијата потпишана од Премиерите на Република Македонија, Република Грција и Република Албанија, за основање на Паркот Преспа како прва меѓугранична област во Југо-источна Европа, заштитена со Рамсарската Конвенција. Мотивот е секако, паркот Преспа да стане и остане модел за соработка меѓу овие три држави.

Како сниматели на филмот "Преспа - парк" кој е во траење од 41 минута, се јавуваат Томи и Драган Салковски. Изборот на музиката е на Марија Бојаџиевска. "По двегодишен напор и труд, го остварив филмот "Преспа- парк", а благодарение и на добриот избор на соработници кои ми ја олеснија работата да се зафатам со еден ваков голем проект", рече Недков. Филмот "Преспа - парк" всушност претставува шести дел од филмската серија на Кочо Недков под наслов "Живиот свет на Охридското езеро", а идејата тој да се посвети токму на овој регион, потекнува од Декларацијата донесена на 2 февруари во 2000 година меѓу Македонија, Грција и Албанија по повод Светскиот ден на водите, а со која Преспанските езера и регионот, кои се единствени по својата геоморфологија и еколошко богатство, се прогласуваат за Преспа - парк.

"Сметам дека приказната е вешто раскажана, пораката е јасна, што значи дека целта е постигната", рече д-р Коста Балабанов, промотерот на филмот "Преспа - парк". "Една од значајните придобивки на цивилизираниот свет денес, несомнено е сознанието за потребата од сеопфатна и ефикасна грижа и заштита на човековата средина. Заштитата на природата како дејност и непосредна активност од витално значење, се состои од многу, навидум ситни каменчиња, кои на крајот сложени едно до друго, ја градат сликата на мозаикот. Едно до каменчињата што се покажува клучно и што сведочи за вложените напори на нашите генерации, несомнено е донесената декларација на тројцата уважени премиери на Македонија, Албанија и Грција".

Филм од ваков вид кај нас, досега не е направен, особено што во него е користена и компјутерска анимација и подводно снимање, со што за прв пат се откриваат таинствените, внатрешни предели на овој регион. Иницијатор за овој филмски проект се јавува Република Македонија, и како што истакна Недков, "тоа е добро, затоа што, на некој начин, ние сме обврзани на тоа, имајќи во предвид дека Преспанското езеро во својот најголем дел е во рамките на нашите граници".

Филмот "Преспа - парк" е потпомогнат од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, Министерството за екологија и просторно планирање, Фондот за животна средина, Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи на Р. Македонија, Германската техничка помош, Министерството за надворешни работи на Р. Грција, Министерството за јавен град на Р. Албанија и Собранието на Општина Ресен. И покрај очекувањата во реализацијата да се вклучи и Министерството за култура, сепак, како што ни рече Недков, оттаму е добиен негативен одговор. "Дали да кажам што мислам или да мислам што ќе кажам. Цела година со небројани елаборати кои ги стартиравме за средства до Министерството за култура, министерката Ганка Самоиловска-Цветанова, сепак напиша не. Дури не го искористи ниту своето дискреционо право. Но, тоа е нејзина работа", рече Недков. (Т.И)